ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА
INSTITUCIONI PUBLIK SHËNDETËSOR
KLINIKA UNIVERSITARE PËR DERMATOLOGJI
Бр.-Nr. 03-320/1
07.09.20 22 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 141, 148 и 149 од Законот за здравствената заштита, согласно Програмата за изменување на програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019-2022) (Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 187/22) за 2022 година, Допис од страна на Медицинскиот Факултет-Скопје заведен под архивски број 1003-3620/3 од 29.08.2022 година и објавен Јавен оглас за пријавување на кандидати за запишување односно одобрување на специјализација на здравствени работници со високо образование од областа на медицината и здравствени соработници со високо образование за 2022 година од ден 27.08.2022 година, а врз основа на член 30 и член 31 од Статутот на Клиниката, ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје го објавува следниот:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**
**ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ КАДРИ**

1. Се распишува интерен оглас за пријавување на кандидати за одобрување на специјализација на здравствени работници со високо образование од областа на медицината и тоа:

- 1 (една) специјализација по дерматовенерологија

Кандидатите за специјализација по дерматовенерологија треба да доставaт:

* Уверение со оцени за завршен медицински факултет;
* Диплома за завршен медицински факултет;
* Уверение за положен стручен испит;
* Основна лиценца за работа;
* Барање објавено на веб страната на медицинскиот факултет;
* Документ за работен стаж

СИТЕ ГОРЕНАВЕДЕНИ ДОКУМЕНТИ ТРЕБА ДА БИДАТ ВО ОРИГИНАЛ ИЛИ ВЕРНИ НА ОРИГИНАЛ, СО ЗАВЕРКА ОД СТРАНА НА НОТАР.

2. За лицата со завршен факултет во странство потребно е да се достави:

* Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство издадена од страна на МОН НА РСМ, (фотокопија заверена на нотар);
* Еквиваленција на оцени издадена од страна на МОН НА РСМ (фотокопија заверена на нотар);
* Решение за признавање на приправнички стаж и положен стручен испит во странство издадено од страна на Лекарската комора на РСМ (фотокопија заверена на нотар)

3. ***Специјализацијата*** ќе се оценува на следниот начин:

– 50% од бодовите за просечниот успех на кандидатот постигнат во високото образование;
– 40% од бодовите за должината на работниот стаж и
– 10% од бодовите за успехот по предметот во областа од која се доделува специјализацијата.

4. Рокот за пријавување на интерниот оглас е 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето на огласот на web страната на Клиниката и на огласна табла.

5. Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци, во спротивно нецелосната и неуредна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

6. Пријавата со целокупната документација да се доставаат до ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје со адреса ул.Мајка Тереза бр.17 по пошта или во архивата на Клиниката, со назнака за специјалистички интерен оглас.

ЈЗУ УК за дерматологија-Скопје

Директор
Проф.д-р Сузана Николовска